# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТОТ ЗА ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И НЕГОВА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2012 ДО 2019 ГОДИНА

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ
НА ЖЕНИТЕ

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ

- Во периодот од 2012 до 2019 година, Министерството за здравство ги крати средствата издвоени со усвоениот буџет во просек за 10 % или за 59.748.607 денари.
- Во просек, непотрошени остануваат 81.654.435 денари или 15 % од вкупно издвоените средства за превентивна здравствена заштита.
- Износот на средства кој што бил издвојуван за превентива здравствена заштита, во периодот од 2016 до 2018 година, бележат постојан тек на опаѓање.
- Средствата кои што годишно се издвојуваат за превентивна здравствена заштита во просек претставуваат само 9 % од вкупниот буџет на Министерството за здравство.
- Износот на средства кој што бил издвојуван за превентивна здравствена заштита, не ја следи промената на средствата издвоени во вкупниот буџет на Министерството за здравство. Впрочем, буџетот за превентивна здравствена заштита во просек се намалува за 10 %, додека буџетот на министерството за 2 %
- Во текот на анализираниот период, се трошат во просек 86 % од планираните средства за превентивна здравствена заштита или непотрошени остануваат 81.654.435 денари.
- Министерството за здравство нема доволно капацитети за да ја спроведува превентивната здравствена заштита во државата, поради фактот што секоја година остануваат во просек 14 % нереализирани средства.
- 75 % од издвоените средства за превентивна здравствена заштита се средства од сопствен извор, додека останатите 25 % припаѓаат на туѓ извор на средства.
- Од средствата за превентивна здравствена заштита, најголем процент на издвоени и потрошени средства има од Основниот буџет, потоа буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, додека Расходи од заеми нема.

## ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПЛАНИРАЊЕТО И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- Министерството за здравство да одвојува поголем износ на средства наменет за превентивна здравствена заштита со цел зачувување и унапредување на здравјето на населението, и овозможување потполно искористување на правото на здравје.
- Министерството за здравство потребно е да запре со праксата на континуирано намалување на буџетот за превентивна здравствена заштита, и да се насочи кон осигурување на прогресивен пораст на овие средства.
- Министерството за здравство да работи на унапредување на сопствените капацитети за програмско и буџетско планирање и реализација на превентивната здравствена заштита, при што ќе се осигури дека сите проектирани средства ќе бидат искористени за намените за кои се издвоени на крајот од секоја фискална година.
- Министерството за здравство да спроведува анализи на состојбите на здравјето населението и потребите за здравствена заштита на граѓаните, а врз основа на наодите да ги проектира идните мерки кои ќе бидат во согласност со реалните потреби на граѓаните.
- Министерството за здравство при планирањето на средствата за превентивна здравствена заштита да обезбеди механизам за континуирано вклучување на граѓанските организации и граѓаните во процесите.

# ВОВЕД

Владата на РМ преку Министерството за здравство секоја година издвојува средства наменети за превентивна здравствена заштита. Средствата кои се издвојуваа за превентивна здравствена заштита се наменети за зачувување и унапредување на здравствената состојба на населението, со посебен фокус на ранливите групи на граѓани (деца, бремени жени, стари лица, хронично болни, хендикепирани лица, социјално и економски загрозени семејства, итн).

Здружението ЕСЕ, од 2008 година, во континуитет го следи планирањето и имплементацијата на програмите за превентивна здравствена заштита на Министерството за здравство, со посебен фокус на програмите кои се насочени кон унапредување на здравјето на репродуктивното здравје на жените, здравјето на мајките и децата и здравјето на ромското население. Следењето на планирањето и имплементацијата на овие програми, преку примената на методологиите на социјална отчетност, има за цел идентификување на недостатоците во програмите кои се резултат на нестратешкиот и несистематски пристап на јавните институции во нивното планирање и реализација, како и идентификување и оценување на директно негативно влијание предизвикано од ваквиот пристап врз уживањето на правото на граѓаните за пристап до здравствените услуги.

Особено загрижува фактот што во текот на изминатите години, превентивната здравствена заштита не претставува приоритет за Владата на РМ и Министерството за здравство, што пак може да се потврди со малиот износ на средства издвоени во рамки на буџетот на РМ за оваа намена и континуираните кратења и промени во рамки на постоечките програмски активности и буџет.

Целта на оваа анализа е да се идентификуваат слабостите во планирањето и извршувањето на буџетот предвиден за превентивна здравствена заштита во периодот од 2012 до 2019, како и да се обезбедат препораки до одговорните институции за унапредување на пристапот на граѓаните до превентивни здравствени услуги преку почитување на основните стандарди за недискриминација, прогресивна реализација и обезбедување на максимално расположливи ресурси во планирањето и реализацијата на правото на здравје и здравствена заштита.

## НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНА АНАЛИЗА НА БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО НАМЕНЕТИ ЗА ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2012 ДО 2019 ГОДИНА

***Буџетот на Министерството за здравство се намалува во просек за 2% на годишно ниво, а пак буџетот за превентивна здравствена заштита се намалува за 8 процентни поени повеќе.***

Средствата кои што годишно се издвојуваат за превентивна здравствена заштита во просек претставуваат само 9 % од вкупниот буџет на Министерството за здравство. Износот на средства кој што се издвојува за превентивна здравствена заштита, е го следи трендот на издвојување на средства за Министерството за здравство од буџетот на РМ. Буџетот за превентивна здравствена заштита во просек се намалува за 10 %, додека буџетот на министерството за 2 % (разлика од 8 процентни поени).

Во периодот од 2012 до 2019 година, средствата одвоени за превентивна здравствена заштита на граѓаните постојано се изменуваат. Највисоки флуктуации во издвоените средства се забележуваат од 2012 до 2015 година, а оттогаш па до 2018 година тие се со константен тренд на намалување. По овој долг период на опаѓање, Владата во 2019 година одлучува да направи промена и да го зголеми износот на средства за плус 16 %.
.

Највисоко намалување се бележи во 2012 година кога со првиот ребаланс на буџетот на Министерството за здравство, средствата од страна на Владата на РМ биле намалени за дури 38 % во однос на усвоениот буџет. Во 2013 година пак, износот бил зголемен за дури 77 %. Значајно намалување на средствата се случило и во 2014 година кога тие со првиот ребаланс биле намалени за 25 % во однос на усвоениот износ, но затоа во 2015 година тие биле повторно зголемени на многу повисоко ниво или за вкупно 63 %. (Види Графикон 1)




**Графикон 1.** Движење на средствата наменети за превентивна здравствена заштита во текот на период од 2012 до 2019 година

*Извор: Усвоен буџет и изменувања и дополнувања на буџетот од 2012 до 2019 година достапно на* https://finance.gov.mk/mk/node/575

***Буџетот за превентивна здравствена заштита се менува во просек еднаш во текот на секоја фискална година, односно со секој ребаланс истиот се намалува во просек за 59.748.607 денари.***

Во периодот од 2012 до 2019 година, Владата на РМ преку Министерството за здравство за превентивна здравствена заштита (ПЗЗ) одвојува во просек 592.553.750 денари со усвоениот буџет. По извршување на измените и дополнувањата на буџетот овие средства во просек бележат намалување за 10 % или во просек изнесуваат 532.805.143 денари (средствата се намалуваат за 59.748.607 денари). Кратењето на средствата во буџетот за превентивна здравствена заштита, пред се се должи на ниските капацитети за буџетско планирање, ниските капацитети на државата да обезбеди соодветен износ на приходи во буџетот (остварување на пониски приходи од проектираните) и недостаток на капацитети за реализација на усвоените програми и буџет. Ниските капацитети во процесот на реализација на програмите за превентивна здравствена заштита можат да се воочат преку праксата на трошење на помалку средства од проектираниот износ за оваа намена, односно од буџетот за превентивна здравствена заштита во просек се трошат 459.097.232 денари (86% од вкупниот расположлив износ на средства) или 81.654.435 денари помалку од планираниот износ.

Износот на средствата кои што се одвојуваат за превентивна здравствена заштита постојано се изменува. Најмалку средства биле одвоени во 2012 година, а најмногу средства со вториот ребаланс на буџетот во 2016 година или за дури повеќе од половина отколку што биле одвоени во 2012 година (372.719.000 денари повеќе). Значајно е да се спомене дека во 2012 година, кога средствата биле најмногу скратени, биле потрошени повеќе средства од издвоените. (Види Графикон 2)




**Графикон 2.** Компаративен приказ на износот на издвоени средства за превентивна здравствена заштита и потрошени средства за оваа намена во периодот од 2012 до 2019 година (во илјади денари)

*Извор: Усвоен буџет, изменувања и дополнувања на буџетот и завршна сметка од 2012 до 2019 година достапно на https://finance.gov.mk/mk/node/575*

***Во просек на крајот на секоја фискална година се трошат во просек 86 % од планираните средства за превентивна здравствена заштита.***

Од 2012 до 2019 година, буџетот на Министерството за здравство и со него средствата одвоени за превентивна здравствена заштита во просек биле изменувани еднаш во годината. Само во 2016 година се случиле две измени во буџетот, а во 2019 година се уште во моментот буџетот не е изменет. Нивото на реализација на издвоените средства во просек изнесува 86 %, а на крајот од секоја година во просек остануваат непотрошени 81.654.435 денари. Најнизок износ на средства биле потрошени во 2017 година или биле потрошени 70,5 % од планираните. Додека пак, највисок износ на потрошени средства се бележи во 2012 година кога биле потрошени дури 13 % повеќе отколку што биле планирани да се потрошат до крајот на годината и при тоа нема јавно достапна информација како се потрошени овие средства. (Види Табела 1)

| Година | (1) Усвоен буџет | (2) Измени и дополнувања на буџетот 1 | (3) Измени и дополнувања на буџетот 2 | (4) Потрошени средства од буџетот | (5) Разлика помеѓу измените и дополнувањата на буџетот и потрошениот буџет | (6) Процент на реализација на буџетот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 496.091.000 | 306.863.000 | / | 346.006.001 | -39.143.001 | 113% |
| 2013 | 544.068.000 | 546.523.000 | / | 462.482.167 | 84.040.833 | 85% |
| 2014 | 598.819.000 | 449.039.000 | / | 389.190.808 | 59.848.192 | 87% |
| 2015 | 731.069.000 | 731.069.000 | / | 594.356.197 | 136.712.803 | 81% |
| 2016 | 766.502.000 | 679.582.000 | 679.582.000 | 587.726.513 | 91.855.487 | 86% |
| 2017 | 558.341.000 | 531.434.000 | | 374.821.705 | 156.612.295 | 70,5 % |
| 2018 | 481.070.000 | 485.126.000 | | | | |
| 2019 | 564.470.000 | | | | | |

**Табела 3.** Движење на средствата на усвоениот, изменетиот и реализираниот буџет за превентивна здравствена заштита за периодот од 2012 до 2019 година (во денари)

*Извор: Усвоен буџет, изменувања и дополнувања на буџетот и завршна сметка од 2012 до 2019 година достапно на https://finance.gov.mk/mk/node/575*

***75 % од издвоените средства за превентивна здравствена заштита се средства од сопствен извор, додека останатите 25 % доаѓаат од заеми и донации.***

Во периодот од 2012 до 2019 година, за превентивна здравствена заштита најголем дел од одвоените средства биле од сопствени извори (75 %), а помал дел од туѓ извор (25 %). Според усвоениот буџет, од сопствените средства, најмногу издвоени има во делот на Расходи од основен буџет, вкупно 3.168.700.000 денари и 403.000.000 денари од самофинансирачки активности. Во средствата од туѓ извор се вклучени само Расходи од донации во вкупен износ од 1.168.730.000 денари, додека Расходи од заеми нема. Ист е случајот и во однос на потрошените средства. Најмногу потрошени има од делот на Расходи на основен буџет и тоа 1.648.644.758 денари и 231.146.079 од самофинансирачки активности. Потрошените средства од донации се во износ од 874.792.554 денари, и потрошени средства од заеми нема. Во мониторираниот период, од вкупниот износ средства од сопствен извор непотрошени останале 47 %, додека непотрошени средства од туѓ извор останале во износ од 25 %. (Види Графикон 3)




**Графикон 3.** Приказ на планираните и реализираните средства за превентивна здравствена заштита, според видот на извор средствата за периодот од 2012 до 2019 година (во денари)

*Извор: Усвоен буџет и завршна сметка од 2012 до 2019 година достапно на* [https://finance.gov.mk/mk/node/575](https://finance.gov.mk/mk/node/575)

**Финансиски поддржано од:**

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS